ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Бр. 08-3270
18.11.2011
СТРУГА STRUGË

*Ние, **Фуад Шишиќ** и **Рамиз Мерко**,*
*Градоначалници на **Општина Тешањ**, Босна и Херцеговаина **и Општина Струга**, Македонија*

*Слободно избрани претставници од страна на нашите граѓани,*
*Сигурни дека делуваме во име на искрените желби и вистинските потреби на нашите жители,*
*Свесни дека основата на нашата култура и основата на нашите народи е во слободните локални заедници, дека духот на слободата всушност е основа на слободата која заедниците ја освоија, а и локалните самоуправи кои покасно ги воспоставија,*
*Земајќи во предвид дека развојот во отворениот свет е историска нужност, но дека овој свет ќе биде вистински човечен само доколку и мажите и жените живеат слободно во слободни градови,*
*Уверени во неопходноста од почитување на принципот на супсидијарност,*
*Потврдувајќи ја нашата вредност на почитување на човечките права кои не смеат да бидат загрозени ниту одземени,*
*Сваќајќи дека растечката меѓузависност на различните нации бара меѓународен, глобален демократски поредок, како фундамент на вистинскиот мир,*
*Уверени дека врските кои ги поврзуваат градовите на нашиот континент претставуваат основен елемент на патеката на развиток на духот на припадноста кон Европа и на тој начин промовирајќи ја и хуманата димензија на Европа*

## *ДЕНЕС СВЕЧЕНО СЕ КОЛНЕМЕ*

*Врз основа на врските кои постојат помеѓу нашите две држави,*
*Дека трајно ќе ги зачуваме врските помеѓу властите на на нашите две локални самоуправи со цел промоција на дијалогот, размена на искуства и спроведување на заеднички активности кои можат да го забрзаат заедничкиот напредок во сите области кои се под наша надлежност,*
*Дека ќе ги охрабруваме и поддржуваме размената помеѓу нашите граѓани и на тој начин развивајќи ги низ взаемно разбирање и ефикасна соработка, вистинскиот дух на европската блискост насочен кон заедничка иднина,*
*Дека ќе делуваме во согласност со принципите на пријателство, прифаќајќи ги нашите различности во атмосфера на доверба и во духот на солидарноста,*
*Дека на сите граѓани ќе им гарантираме можност за учество во размените меѓу двата града,*
*И дека низ размената и другите видови на соработка, ќе ја промовираме универзалната вредност на слободата, демократијата, еднаквоста и владеењето на правото,*

*Дека со користењ на сите расположливи средства, напорите ќе ги насочиме кон давање подршка на овој важен потфат со цел за остварување на мир, напредок и просперитет каков што е :*

## *ЕВРОПСКОТО ЕДИНСТВО*

*Фуад Шушиќ*
*Градоначалник,*
*ОПШТИНА ТЕШАЊ*

*Рамиз Мерко*
*Градоначалник,*
*ОПШТИНА СТРУГА*

*Место: Струга,*
*Датум: 19.11.2011*